EMBASSY OF THE UNITED STATES
SKOPJE • MACEDONIA

Репортери: Чествувајќи ги деновите на светската музика

Втора година по ред, Амбасадата на САД во Скопје се придружи на глобалното одбележување на Светските денови на музика Даниел Перл со концерт на бендот “Репортери,” составен од новинари од Македонија, кои имаа изведба на 25 октомври навечер, во близина на споменикот на Мајка Тереза во Скопје. Многу граѓани, вклучувајќи голем број на новинари, дојдоа да ги видат Миле, Жарко, Борјан, Петрит и Стојан додека изведуваа познати песни, а воедно ја промовираа и својата авторска песна наречена Слобода, со што ја разиграа публиката и пренесоа јасна порака за важноста на слободата на медиумите во едно демократско општество. Советникот за односи со јавност, Анџела Агелер, ги претстави Репортери при што истакна дека за да постои слобода на медиумите потребна е храброст, како и потрага по вистината и интегритет. Таа рече дека Дени Перл беше посветен на овие вредности, како и на фактот дека музиката го подига расположението и не инспирира

МЕМОРИЈАЛНА КУЋА НА МАЈКА ТЕРЕЗА
MEMORIAL HOUSE OF
MOTHER TERESA

U.S. Embassy Skopje

U.S. Embassy Skopje